

# КАТЕРИНА СТОИЛОВА

Кандидат за претседател на ФСС

Година на студирање: трета
Смер: Биотехнологија (БТ)
Број на индекс: 7514
EMAIL: katerinastoilova8@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФСС

Мисла водилка во оваа кандидатура ми е заедно со членовите на ФСС преку тимска работа да го подигнеме на стандардот за студирање, а воедно и целата сликата за факултетот. Со сослушување на сите предлози и идеи и нивно разгледување да се создаде хармонија помеѓу колегите, но и на релација професор-студент. Најголем акцент ќе ставам на предизвикот да ги поврзам компаниите од соодветните области со факултетот, со што студентите би имале полесен пристап за извршување на практична настава во реномирани домашни и странски компании од соодветните области. Себе си се сметам за млада и амбициозна личност склона кон предизвици, а оваа должност би ми претставувала особена чест и задоволство.



# САРА ЛУКИЌ

Кандидат за член на ФСС

**ПРОФИЛ**

**КОНТАКТ: 078 415 454**

Година на студирање: Прва
Смер: ДИО
Број на индекс: 7638
EMAIL:
saralukic06@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Како студентка запишана на прв циклус студии, со почеток на својата прва година во учебната 2022/2023, сакам да сум темелно информирана. Мојата самодоверба ми овозможува да зборувам со одговорните лица без да почуствувам непријатност, додека мојата истрајност и трпеливост гарантираат наоѓање на решение за секој проблем. Верувам дека сум вистинската личност за застапување на интересите на колегите, со кои досега сум имала прекрасна соработка.



# НИКОЛА ТРЕНДАФИЛОВ

Кандидат за член на ФСС

## ПРОФИЛ

## КОНТАКТ:

Година на студирање: Прва (2022/2023)
Смер: МДМ
Број на индекс: 7649
EMAIL: nikolatrendafilov00@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Јас сум Никола и доаѓам од Општина Градско, така што низ целиот мој образовен процес сум изнаоѓал решенија за актуелни проблеми, сум ги преставувал другите и сум бил застапник на младите. Имам големо искуство со образовниот процес, јавните дебати, ораторските вечери, застапништвото и правните процеси. Имам и голема соработка со многу невладини од Македонија и странство, како и со Општините и институциите во државата. Најважното за мене е тоа што сакам да помогнам во подобрувањето на студентскиот стандард и целокуното подобрување на нашето општество кон една поубава и понормална иднина!



**КОНТАКТ:**

Година на студирање: II година
Смер: ДИО
Број на индекс: 7578
EMAIL:
m.natalija134@gmail.com

# НАТАЛИЈА МЛАДЕНОВСКА

Кандидат за член на ФСС

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Со оглед на тоа што првпат се пријавувам да членувам во ФСС, ова за мене претставува еден нов предизвик да стекнам ново искуство и вештина. Со оглед на тоа што ние како студенти освен свои обврски имаме и права, се пријавувам за член со цел да ги бранам нашите права и да ги застапувам нашите интереси. Заедно со останатите членови да допринесеме за подобро студирање на нас и нашите колеги со низа на креативни и практични активности кои може да ги организираме. А воедно и да одржуваме добра комуникација со професорите и заедно да допринесеме за подобро студирање.



# ЈАНА СТЕВКОВСКА

Кандидат за член на ФСС

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Сметам дека членувањето во факултетското студенстско собрание  е одлична прилика за сите студенти да можат да направат позитивна промена окоолу самото студирање како и за целокупното добро на факултетот. Со моето членување би сакала да придонесам до подобри услови за студентите, да се слуша нивниот глас како и организирање на повеќе настани кои ќе придонесат кон поголема дружба помеѓу колегите.

## КОНТАКТ:

Година на студирање: II година (прв циклус)
Смер: ПТБ
Број на индекс: 7595
EMAIL: janastevkovska@gmail.com



# ГОРЈАН ЈОВАНОВ

Кандидат за член на ФСС


**КОНТАКТ:**

Година на студирање: втора
Смер: ПТБ
Број на индекс: 7572
EMAIL: gogo.jovanov@gmail.com


## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Како редовен студент на ТМФ, насока Прехранбена технологија и биотехнологија, сакам да бидам член на Факултетското Студентско Собрание и да допринесам за работата на собранието. Можноста да се претставуваат интересите на студентите од сите насоки, да се решаваат одредени проблеми поврзани со студирањето и да се работи тимски со другите членови во насока на подобрување на условите за студирање за мене претставува мотивација да се приклучам на Факултетското Студентско Собрание. Да се биде член на ФСС би претставувало одлична можност да се согледа и да се учествува во работата на самиот факултет.



# Кристина Миновска

## Кандидат за член на ФСС

### Профил

### Контакт:

Година на студирање: II (прв циклус)
Смер: ПТБ
Број на индекс: 7607
EMAIL: kristinaminovska1@gmail.com

### Зошто сакам да бидам член на ФСС

Уште од мала се истакнувам по својата борбеност и желба за подобрување на работите кои имаат потреба од тоа, па затоа би сакала да бидам член на ФСС каде би можела да помогнам и да влијаам за подобрување на условите за студирање. Важно е како што се знаат обврските на студентите, така и да се запознаени со своигте права, па би сакала да бидам дел од остварувањето и применувањето на истите со цел да се подобри начинот на секојдневното функционирање на самиот факултет, а потоа и на студентите и професорите.



# ИМЕ И ПРЕЗИМЕ

Кандидат за член на ФСС

## ПРОФИЛ

Внесете ваша фотографија во кругот

## КОНТАКТ:

Година на студирање: 2020
Смер: БТ
Број на индекс: 7517
EMAIL:kristinacvetkovska01@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Напишете ја вашата мотивација за членство во факултетското студентско собрание до 150 зборови

За постоењето на студентските собранија како дел од функционирањето на студентите во рамките на факултетот дознав во прва година на факултет кога и самата се соочив со првите проблеми на академски план.

Сметам дека пристапот за нивно решавање треба да е генериран од заедничката мотивација на студентите во однос на справувањето со проблемите со кои сите би се соочиле во одреден момент од нашето студирање. Мотивирана од таа причина, сметам дека би можела да придонесам кон решавање на проблемите, изнаоѓање на соодветни опции како решенија или во дадени ситуации донесување на компромиси, а аналогно на тоа и подобрување на условите за тимска работа за време на состаноците.



# ВАСКА ЗАРКОВСКА

Кандидат за член на ФСС

## ПРОФИЛ

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Сакам да сум дел од студентското собрание за да придонесувам во решавање на проблемите со кои се среќаваме ние како студенти, а покрај тоа и да имам можност да помогнам на останатите колеги во изнаоѓање решенија за инвидуалните проблеми кои би им се појавиле, како и да ги известувам за тековните настани во врска со нашиот факултетот.

## КОНТАКТ:

Година на студирање: Трета
Смер: Биотехнологија
Број на индекс:7516
Email: vaskazarkovska987@gmail.com



# САРА МАРКОВСКА

Кандидат за член на ФСС

**ПРОФИЛ**

**КОНТАКТ:**

Година на студирање:III (I-циклус)
Смер:ПТБ
Модул:БТ
Број на индекс:7528
Email:saramar87@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Веќе две години активно бев дел од Факултетско Студентско Собрание и сфатив дека е од особено голема важност да се биде дел од него. Да си дел од ФСС е многу добар начин и можност за нас студентите да ги согледаме проблемите кои настануваат,а воедно и да помогнеме истите да се решат. Моето мото е да се залагам за моите и правата на сите студенти,да се залагам за нивните желби и барања,бидејќи нема поубаво чувство од онаа чувство кога знаеш дека можеш и ќе му помогнеш на некого. ФСС за мене лично има голема важност,бидејќи кога станав дел од него научив што значи да си студент, запознав доста луѓе кои ми помогнаа во истото и ме упатија во сè што дотогаш не ми беше познато. Се кандидирам и оваа година со цел да го продолжам она што веќе го имам започнато, да го продолжам убавиот однос кој го имам остварено со сите членови кои беа дел од ФСС како и да помогнам на било кој, за што и да е.



# АНА РИСТЕСКА

Кандидат за член на ФСС

**ПРОФИЛ**

**КОНТАКТ:**

Година на студирање: трета(3)
Смер: БТ(биотехнологија)
Број на индекс: 7513
EMAIL:
risteska.ance@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Јас, Ана Ристеска, студент од трета година, поднесувам пријава за избор на член во ФФС.
Како член на ФФС ќе се залагам за рамноправно учество на студентите во дефинирањето на визијата и мисијата на факултетот, и нивно спроведување во заедничка соработка помеѓу професорскиот кадар и студентите.
Заедно со претседателот и другите членови на собранието ќе придонесам кон развивање или надградување на општите правила за работа. Тоа би вклучило:
- Учество на студентите во развојот на академскиот календар на активности (распоред на часови, лабораториски задачи, набавување на наставни помагала, практична настава во адекватни претпријатија и лаборатории, и др).
- Студентски слободни активности (бруцошка забава, апсолвентска прослава, волонтерски активности, и др).

Моето досегашно искуство како студент на Технолошки-Металуршки факултет ќе го споделам со моите колеги во собранието и студентите и во насока на подобрување на нивниот и мојот начин на студирање, стекнување на нови знаења и нивно практично применување.



**КОНТАКТ:**

Година на студирање: III (I циклус)
Смер:ПТБ (БИОТЕХНОЛОГИЈА)
Број на индекс:7525

EMAIL:
Ilievskaviktorija052@gmail.com

# ВИКТОРИЈА ИЛИЕВСКА

Кандидат за член на ФСС

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Члена на ФСС сакам да бидам поради тоа што имам мотивација и желба за нови промени на Факултетот , преку тимска работа заедно со моите колеги кои имаат за цел да го направат истото. Мојата цел за кандидирање е да овозможам подобра информираност на колегите ,залагањето за нашите заеднички права со цел подобра соработка и однос со кадарот на Факултетот како и односот меѓу нас . Како млада личност ,амбициозна сметам дека ќе дадам максимум за подобрувањето и остварувањето на целите во Факултетското Студентско Собрание .



# АНДРЕЈА СТАНКОВСКИ

Кандидат за член на ФСС

## ПРОФИЛ

## КОНТАКТ:

Година на студирање: Четврта
Смер: Прехранбена технологија и Биотехнологија
Број на индекс: 7450
EMAIL: andrejastankovski1@gmail.com

## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

После 3 години на факултетот, сакам да пробам да создадам и оставам подобра средина за идните генерации кои ќе доаѓаат после мене.



# МАРИЈА МИТЕВСКА

Кандидат за член на ФСС

**ПРОФИЛ**

**КОНТАКТ:**


Година на студирање: четврта (4)
Смер: ИМН
Број на индекс: 7492
EMAIL: mmarijastip@gmail.com


## ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ЧЛЕН НА ФСС

Се кандидирам за член на ФСС при ТМФ, бидејќи сметам дека со моето учество и залагање можам да придонесам за подобра соработка помеѓу студентите и професорите на нашиот факултет. Верувам дека со добра соработка од двете страни би го задржале високото ниво и би го подобриле амбиентот за личен развој на факултетот, а тоа би го зголемило задоволството на студентите и би ги фаворизирало нивните резултати на испити, натпревари, реализација итн.

Со задоволување на желбите и потребите на студентите и последователните успеси од нивна страна треба да се постигне и зајакнување на самата образовна институција, зголемување на нејзиниот рејтинг и атрактивност.

Исто така, верувам дека сум компетентен кандидат за оваа позиција, бидејќи имам искуство во тимска работа како член на ФСС веќе една година, член на студентската организација ИАЕСТЕ и имам учествувано на повеќе обуки за меки вештини.